ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **10.07.2023 година** во 08:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски,** раководител на сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфраструктура **Маја Костадиновска,**раководител на општи и правни работи **Даниела Велковска** раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,**раководител на Одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**,раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** в.д директор на ЈП „Комуналец“ **Александар Стојчевски**,директор на ЈП ,,Калин Камен ‘’**Јорданчо Миневски**, **с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска, с**оветник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и **Драган Цвијовиќ**-поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар на Општина Крива Паланка</u>**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година.

1. Да се следи активноста околу изготовката на елаборат за проценка на штетите во Белевски Дол;
2. Да се организира состанок по однос на сите пристигнати барања за штети од невремето од граѓани и месни заедници. За истите да се направи план како да бидат решени;
3. Иницијатива еден денар за спорт;

4. Да се следи  и кординира реализацијата на проектот со Р.Србија, град Лесковац;
5. Писмени укажување кои беа произлезени како заклучок од одржаниот стручен колегиум да се проследат до Раководителите и вработените;

   -Тековни активности.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

1. **Параметар**
   ( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село **Мождивњак,** канализација населба **Маневци** и канализација населба **Трнци**, да се изврши промена на насловот на проектната задача и промена на насловот на проектот за реконструкција на градските мостови, измена на проектот за старечки и налог ученички дом **,,Боро Менков''** согласно насоките од МОН)
2. **Аква**
   ( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе)

3. **МГ Проект**
   (Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница )
   **Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна )** ***не отпочнато со работа***
   **Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течениeто на Крива Река )** ***нема дадено проектна задача***
   - **Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба**

4. **Еуро Роад**
   Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)
   ( да се даде налог за проектирање на **потпорни стени Ратко Минев, училилиште Илинден,улица Калин Камен )**
   **Нов налог по новиот договор за улици и патишта**

Урбанистичко планска документација

1. ГУП- ревизија МТВ
2. УПВНМ Калин Камен ( исправка на одлука на Совет)
3. 13-В Јавна Анкета
4. 10-А Јавна Анкета
5. УП Викенд населба Калин Камен ( почлетна фаза)

   Депонија за инертен отпад- Инпума

Да се доставува секој понеделник Извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка(да се задолжи Иван Велиновски)

Да се подготви во систем одобрение за градба за

1. Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов)
2. Изградба на Домачки Дол
3. Детско игралишта населба Илинден
4. Старечки дом
5. Ученички дом

Да се биде во комуникација со ГИМ за измена на проектна документација за регулација на Дурачка река, сервисна улица и изградба на локален пат село Конопница Спас-Крст;

Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска / одлуки совет за измена на програма за градежно земјиште;

Да поведе постапка, иницијатива за УПВНМ за фотоволтаичен парк во село Мождивњак и за истата потреба да се контактира со консултанската куќа - Наташа Бисмилоски;

Прима Инжинеринг да постапи по забелешките од МЖСПП истите да се корегираат и повторно да се побара водостопанска согласност за сервисната улица покрај Крива Река;

Да се завршат сите заостанати предмети во систем Е-урбанизам и Е-градежна дозвола;

Набавка на ажурирани геодетски подлоги;

Со фирмата Параметар да се договори 3Д презентација на централната градска улица. 29.08.2023 вовед во работа и сечење на лента;

Поголема ангажираност за решавање на предметите за легализацја;

Изготовка на договор за Луна парк;

Авионско прскање на комарци.

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

Да се организира работен состанок со одделението за финансии за да се дефинираат задолженијата и начинот на функционирање во наредниот период;

Да се достави информација до правното одделение за доспеани обрски по однос на закуп на јавни површини и објекти под наем за подмирување на обврските. Опомени пред блокирање на сметка;

Да се земат во предвид забелешките и препораките од ревизорскиот извештај;

Да се изврши исплата на НВО,центар за култура, Џој фест;

-Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисокда достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

1. **Параметар**
   ( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село **མождивњак,** канализација населба **Маневци** и канализација населба **Трнци**,водовод **Калин Камен,**да се изврши промена на насловот на проектната задача и промена на насловот на проектот за **реконструкција на градските** мостови, измена на проектот **за старечки и налог ученички дом во Боро Менков согласно насоките од МОН)**

2. **Аква**
   ( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе)

3. **МГ Проект**
   (Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница )
   **Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна )***не отпочнато со работа*
   **Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река )***нема дадено проектна задача*
   - **Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба**

4. **Еуро Роад**
   Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)
   ( да се даде налог за проектирање на **потпорни стени Ратко Минев, улилиште Илинден,улица Калин Камен )**
   **Нов налог по новиот договор**

Со фирмата КООП и Комуналец да се искординира промената на азбесните цевки во населба Илинден и динамиката на изведување на градежните активности.

**Истата фирма да изготви сообраќаен елаборат за времен режим.**

**Да се види околу тампонирањето и набивањето на ровот.**

**По завршувањето на промената на цевките да се организира со КООП да се продолжи со гребање и асфалтирање**

**Да се подготви во систем одобрение за градба за**

1. **Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов)**
2. **Старечки и училишен Дом**
   **Детско игралишта населба Илинден**

Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

-**Скали Трновска Мала**
**-Бети советничка**
**-Поправка на калдрмите во трновска мала и Чука**
**-Потпорена стена во населба Скрљава**
**-Потпорна стена на улица Калин Камен**

**-Потпорна стена Трновска мала**

Измена на проектна документација за регулација на Дурачка река со сервисна улица ( да се исконтактира со ГИМ)

**Фирмата Лабино-Трејд ДООЕЛ**
**-Изградба на детски катчиња**

1. Населба Метролошка
2. Населба Илинден

**-Тековно одржување**

1. Панче Пешев
2. Дел од улица Баглачка
3. Дел од улица Ристена Гогова
   Со овластување одговорен ДГИ Стевче Христовски

**-Буџет на Општина**

1. Изградба на улица Ристена Гогова
   Со овластување одговорен ДГИ Александар Николовски

**-Биро за регионален развој ( подизведувач на КООП инжинеринг)**

1. Улица Баглачка
2. Улица Осоговска
3. Улица Климент Охридски
4. Улица Македонска ( по изградбата на атмосферската канализација)
   Со овластување одговорен ДГИ Марјан Алексовски

Да се постапи по неодговорените барања од граѓани по однос на штетите од невремето да се даде соодветен одговори да се направи еден табеларен преглед по однос на истите( санација на земјени патишта/ обезбедување на матријал)

1.Барања од месни заедници- со решение на секретар

2. Барање за штети од граѓани- со интерна внатрешна процедура на комисијата

Да се следи реализацијата и динамиката на изградбата на патот во село Кркља и можните проблеми во тек на градба ( изведувач фирмата Цвет Компани)

- Местење на пропустите
- Тампонирање и асфалтирање

Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 по планот за јавни набавки

1. Изработка на техничка документација за хидротехнички објекти
2. Набавка за надзор на градба
3. Набавка за обезбедување на проектна документација за изградба на колекторски систем и пречистителна станица
4. Набавка за обезбедување на техничка документација за реконструкција на зградата при НУ Центар за култура

Да се следи реализацијата на проектот рехабилитација на дел од улицата на св.Јоаким Осоговски ( фирма изведувач Стоименов Кочани, одговорен ДГИ Никола Граматиков)

**Писмо до надзорниот орган и СИПР околу проблемот со пропаѓање на дел од улицата. Да се иницира постапка за испитување и лабараторија на квалитет на градба.**

Да се види можноста за уште една дополнителна решетката кај Норма и решетка ( сеуште има реакции од населението) да се издаде налог на Мелтон и Белешков инжинеринг

Да се воведат во работа:

1. Фирмата Борос за тампонирање на селски пат во населба Мизолска ливада

Фирмата КОП за изградба на атмосферска канализација во населба Баглак

Да се координира со работата на механизацијата на

- **Инжинерскиот вод**
  булдожер Деве Баир Тромеѓе- грејдер Подржикољ
- **Македонија пат**
  с.Добровница,с.Жидилово,с.Кркља,с.Огут,с.Нерав,с.Градец,с.Борово,с.Габар, С.Конопница црква, Спас-Крст,с.Борово,с.Мартиница,с.Дренак
- **Дине трејд**
  село Осиче,с.Трново,с.Киселица,Црвена Нива, с.Кркља, насип на игралиште с.Мождивњак

Задолженија за Ацо Голубовски

1.Да се постават на паркингот Единство уште 4 бандери со светло

2. Да се променат изгорените улични светилки на Бабин Дол пешачка патека и топките на пешачката патека покрај Крива Река

3. Осветлување на улица Јоаким Осговоски со две дополнителни бандери после плинарата

4. Осветлување на споредниот пат до гимназија

5. Осветлување на стара вада

6. Да се направи контрола на струјомерите на куќичките на градскиот парк

Фирмата Стоименов да ги заврши сите активности по однос на изградбата на тротоарите и пешачката патека Стара вада укажани во записникот од Општина Крива Паланка .

**Да се испрати официјален записник уште еднаш и да се укаже на сите незавршени работи.**

Да се биде во кординација и постојана комуникација со фирмата фабрика Карпош и Ленди груп за изградбата на спортскиот терен во село Мождивњак

Да се излезе на терен и да се направи анализа на локалната патна мрежа и потребата за крпење на дупки. Записник со фотографии и да се даде налог на фирмата Лабино- Трејд ДООЕЛ

Санација на решетката кај семафори во Осичка мала

Спецификација за водоводна линија во школото во село Градец

- Тековни активности

## Одделение за човечки ресурси

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

1.Да се продолжи со постапката за функционалната анализа;
2.Да се види околу распоредот за годишен одмор на вработените;
3.Да се види околу изработка на туристичкиот водич;
4.Спроведување на оглас за овластен сметководител;
5.Да се одржи состанок за изготвување на Годишен план за вработување за 2024 година и АПВ.

-Тековни активности

## Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

Да се превземат активности околу реализацијата годишните оперативни програмаи и да се земат во предвид активностие во делот на програмата на ЛЕР ;

Визуелен туристички водич + турстички водич на Крива Паланка;

Да се закаже официјална промоција на истите. Да се закачат на веб страната на Општина Кр.Паланка;

Активно да се следи и кординира организацијата на настаните од Паланечко културно лето. На неделна основа да се има кординација за еведентирање на сите можни пропусти во организацијата;

Да се следи преку комисијата за мониторинг реализацијата на договорите од програмите за Спорт+Култура+НВО ( финасиски и наративен извештај);

Организација на народен собир Голеш 2023;

Налог за набавка на нови знамиња( општински и македонски). Проценка и за нови држачи за знамиња на оние бандери каде што нема;

Организација на следниве настани во месец Август

1. Фудбал за сите од 18.08.2023 до 23.08.2023 година
2. Фолкорен меѓународен фестивал 23.24.25.08.2023 година
3. Џој Фест 26.27.28.08 2023 година
4. Фестивал на храна 29.08.2023 година
5. Илинден 02.08.2023 година

Организација на настан фестивал на храна и вино 29.08.2023. Работен состанок со МЗШВ за концептот на фестивалот и превземање на конкретни чекори;

Да се направи предлог концепт за меѓународниот фолкорен фестива св.Јоаким Осоговски ( организација на храна,ноќевање и сл);

Да се закаже состанок на Локалниот Економски Совет;

Да се следи реализацијата и имплемантацијата на Центарот за дневен претстој во просториите на ОО Црвен Крст Крива Паланка. Отварање на истиот 28.08.2023 година;

Да се работи на апликацијата за cross border повикот со Бугарија и тековно да се известува по однос на истата;

Да се испрати писмо до Кинеската Амбасада за финасиска подршка за реконструкција на Осички мост, Шанин Мост и Соларски мост со 3Д видео презентација и предмер пресметка;

Подготовка на меѓународниот театарски фестивал

- Подготовка на монографија
- Видео запис од првиот до последниот
- Предлог концепт на претстави и финасиска рамка

Термин на одржување од 02.10.2023 до 08.10.2023

Координација за набавката и поставувањето на детското игралиште во Детелинка;

Да се следи имплементацијата на поставувањето на фотоволтаици на јавните институции. Вовед во градба, избор на надзорен орган;

Да се подготви барање до ЕВН за нов постојан прикучок на градскиот стадион за фестивалите и за гостите од Франција;

Да се следи и кординира постапката за набавка и поставување на памп трака преку УНДП;

Да се следи и кординира постапката за распшување на повик за проектна документација преку УНДП;

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

Да се види до каде е постапка за овластување на Игор Ѓорѓиевски за Општински сообраќаен инспектор;

Да се води постапката околу новата организација на Општина Крива Паланка и за истата да се организира работен состанок со раководителите пред пуштање на согласност во МИОА;

Да се распише јавен оглас за давање под наем на школото во село Станци;

Да се разгледа правната можност за иницијативата еден денар за спорт од комуналните сметки на ЈП Комуналец за вода и ѓубрарина;

Извештај по актуелни предмети за експропријации – с.Мартиница;

Да се изготви договор со услови за давање под наем на просторијата за потребите на АКН;

Да се закаже состанок на Локален Совет за превенција;

Опомени за неподмирени обврски спрема Општината по однос на закуп на јавни површини и наеми;

Договор за изнајмување на вц кабини за градски парк,плоштад и спортски комплекс за фестивалите;

Седница на Совет 19.07.2023 година;

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

Да се кординира со работата на механизацијата ;

Да се распише набавка за униформи на комуналните редари;

Да се координира со работата на механизацијата на

- **Инжинерскиот вод**
  булдожер Деве Баир Тромеѓе- грејдер Подржикоњ
- **Македонија пат** с.Добровница,с.Жидилово,с.Кркља,с.Огут,с.Нерав,с.Градец,
- с.Борово,с .Габар,с.Конопница црква,
  Спас-Крст,с.Борово,с.Мартиница,с.Дренак
- **Дине трејд**

село Осиче,с.Трново,с.Киселица,Црвена Нива, с.Кркља, насип на игралиште с.Мождивњак

Хаварисани возила во населба Житни и Болничка ливада да се остранат од улицата;

Комуналниот инспектор да направи увид на целокупната состојба со хигиената на терен и да даде задолженија и препораки на ЈП Комуналец;

Да се види околу аплицирање на повикот за најчист град во месец Август;

Да се види околу повикот за ангажирање на работници за вршење на јавни работи со Агенција за вработување( план за месец Јулу и Ацгуст)

-Чистење на патот до Голеш
-Чистење на Стара вада
-Чистење на Болничка Ливада
-Чистење на Кадиска чешма
-Чистење на споредниот пат покрај Гимназија
-Чистење на патот до манастир
-Чистење на каналите,решетките,пропустите

Поголем теренски ангажман на Комуналниот инспектор;

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

1.Да се воспостави нов систем на функционирање на дневна координација со раководителите на сектори/одделенија. Делење на задолженија и писмен извештај на крајот од денот за сработеното;

2.Да се анализира претпријатието ( опис и попис на работните задачи на вработените) сите оние кои што не извршуваат никакви работни задачи да се задолжат со наредба или овластување и да им се дефенираат работни задачи;

3.Да се нанзачи лице кое ќе биде шеф на возен парк. Да се направи целокупен сервис на целиот возен парк и редовно да се сервисира и одржува;

4.Да се формира стабилен тим на метлачи со конкретни работни задачи на дневна основа и строга теренска контрола бидејќи многу често се کријат и не ги извршуваат дадените задачи. Тротоарите се метат површински ( има многу земја по нив,треба комплетна генералка) Исто така јавните површини како паркинзи не се метат доволно, сите се во лоша состојба;

5.Да се набават уште два тримери и да се формира стабилен тим за косење со делење на работни задачи на дневна основа. Во функција до месец септември мора да има 6 косачи со тримери, 2 косачи со косачка и машинско косење;

6.Да се формира тим за перење на улици и јавни површини и да започне со работа и редовно функционирање според точен месечен стандарден план;

7. Нова додадена активност на претпријатието.

-Ноќно миење на главната улица на неделна основа. Ноќно миење на градскиот плоштад и парк на неделна основа.

- Месечно миење на тротоарите на автопат, пешачката патека, патот до манастир.

-Миење на споредните улици со цистерна по машинското метење

8.Да се задолжи малото камионче за смена дежурство во сабота и недела. Обиколка на сите поголеми населби и централни улици;

9.Собирачите на смет и ѓубре да се задолжат со метли за метење на сите површини под контињерите откако ќе ги истресат со ѓубре. Под секој контињер е формирна мини депонија;

10.Секоја сабота да има дежурни метлачи и луѓе од зеленило и прво да се стави акцент на плоштадот и паркот потоа на централната улица. Да се земат во предвид сите настани од паланечкото културно лето и по завршувањето на истите да биде веднаш исчистено;

11. Да се отвори телефонски број за пријавување за граѓани за поплака од несоберено ѓубре и смет;

Секоја активност на ЈП Комуналец да се рекламира на социјалните мрежи на дневна основа , да се назначи лице за ПР маркетинг на претпријатието;

Да се отвори книга за евиденција на работното време со потпис на сите вработени( доаѓање и заминување од работа) да се стави акцент на Циглана. Да се води строга контрола на почетокот и завршувањето со работа на сите вработени;

Раководителите на сектори и одделенија да излезат на терен со вработените, да реферираат за секоја сработена задача и одговорнаста за низвршената работна задача да ја сносат директно тие;

Доставата на сметки да се корегира, не се доставуваат редовно сметките или пак се оставаат повеќе сметки на една иста локација, што значи и каснење на собирањето на приходите;

Да се даде писмена наредба сите вработени да доаѓаат на работните места со униформи;

Метларката на Брако да се стави во функција во две смени и дежурство во сабота и недела. Метење на централна улица, градски парк,плоштад, улица пред Јоаким Крчовски,улица пред Бено железара; Да се направи железна рампа за да се качува и да ги мете и тротоарите;

Правосмукалките да бидат секојдневно во фукција, има денови кога не се користат;

Тракторската метларка да се стави во фукција и да се започне со метење на споредните улици. По извршено метење на секоја улица веднаш да следи миење со цистерна на истата улица;

Да се стави во функција системот за наводнување и да се започне со редовно наводнување на сите зелени површини. Да не се дозволи тревата да изгори;

Да се стават во функција и пумпите во речното корито. Да се стави во функција и системот за наводнување на спортскиот комплекс;

Да се направи анализа на терен да се откријат сите диви приклучоци на вода и да се задолжат со плаќање;

Да се направи анализа на терен секаде каде има услови за нови приклучоци а истите домаќинства не им решен правниот статус со одлука на Совет да се утврди времен приклуок;

Да се направи анализа на терен и секаде каде што има услови за обезбедување на нови приклучоци на домаќинства на канализациниот систем истите да се приклучат, во координација со комуналниот инспектор;

Да се земе во предвид просторот кај Циглана за уредување и оградување во наредниот период

Старите канти извадени од пешачката патека да се постават на патеката на стара вада;

Да се види околу промената на азбесните цефки во населба Илинден, да се даде максимален фокус на оваа задача за брза реализација;

Да се организира акција на расчистување на делот позади Болничка ливада;

Косење и кастрење на гранките до Калин Камен;

Поставување на стативите и одбележување на фудбалското игралиште во Метролошка;

Чистење и кастрење на патот до Голеш;

**Неделни задолженија ЈП Комуналец**

1. Да се направи ургентно сервис на Брако метларката ;
2. Да се направи сервис на тракторската метларка и истата да се стави во функција за метење на споредните улици;
3. Да се направи ургентно сервис на машинските косачки ;
4. Да се активира системот за наводнување на косините и истиот секој ден да биде пуштен во функција;
5. Да се стават во функција пумпите за наводнување на речното корито и да се задолжат луѓе кои ќе бидат одговорни за наводнувањето,дотурот на бензин и преместувањето на пумпите. Едната од левата страна, другата од десната страна на реката и да се померуваат од горе надолу во текот на целиот ден.
6. На спортскиот комплекс ургентно да се постават повеќе прскалки за наводнување;
7. Од косачите со тримери да се прашат кој може да работи и втора смена за дневница која ќе се регулира;
8. Косење
    - Банкина од осички мост до мотел;
    - Спортски комплекс ;
    - Пешачка патека од спортски комплекс накај Бабин дол;
    - Речно корито до крајот на неделата;
    - По барање од граѓани или наша проценка;
9. Прскање со препарат на дивата трева што расте на тротоарите и градскиот плоштад ;
10. Чистење на смет на патот до манастир ;
11. Метење на патот до манастир ;
12. Миење на парк,плоштад,детското катче, пешачката патека;
13. Поставување на декоративен камен на дрворедите;
14. Чистење и кастрење на патот до Голеш;
15. Вадење на дивата трева од автопат од канделабрите ;
16. Точен распоред на лица кои ќе бидат задолжени за наводнување за одредена позиција и одговорноста да биде лична со точен план за сите позиции;
17. Оваа недела да се заврши со замената на азбесните цевки во населба Илинден;
18. Организација за чистење на паркинзите ( метење,плевење,миење) ;
19. Од оваа недела да се стави малото камионче за собирање на смет за дежурање во ден недела за собирање на централната улица,автопат и сите останати поголеми населби;
20. Од оваа недела и во наредните два месеци да се посвети внимание на наводнувањето на зелените површини.

**ЛУ Градски Музеј**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

-Тековни активности

**ЈП Калин Камен**

Задолженија за ЈП Калин Камен кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 10.07.2023 година

Да се направи состанок со станарите и граѓаните за да истите бидат запознаени со пуштањето во функција на зонското паркирање, и да се разгледаат забелешките ако има дадени од нивна страна;

Да се направи работен состанок за зонското паркирање и со советниците околу можни забелешки;

Да се види околу почнувањето на изработка на планот за јавни набавки на претпријатието;

Да се постапи по однос на забелешки ако има за по однос на актите кои се ставени на јавен увид за зонското паркирање

-Тековни активности

**10.07.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**